Почитувани претставници на медиумите,

Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување на Македонија, во континуитет се залагаат за унапредување на статусот на матичните доктори, како еден од столбовите на примарната здравствена заштита. Поттикнати од идејата да овозможиме финансиски бенефит за докторите кои секојдневно обезбедуваат неопходни здравствени услуги за илјадници пациенти, донесовме одлука да го зголемиме капитациониот бод кај матичните стоматолози, во износ од 5 денари, почнувајќи од 2016 година.

Ова е значајна мерка со која ќе овозможиме финансиски бенефит за матичните стоматолози. Воедно, ова е мерка која очекуваме да биде дополнителен поттик за младите доктори кои допрва ја почнуваат професионалната кариера, почнуваат да работат со пациенти, се соочуваат со неизвесности, а пред сѐ се соочуваат со професионални предизвици.

Станува збор за 963 приватни здравствени установи од областа на стоматологија, односно вкупно 1146 тимови кои ја вршат оваа дејност, и кои ќе имаат директен бенефит од оваа мерка.

Инаку, откако е воведена мрежата на јавни здравствени установи, доделени се 223 лиценци за матични стоматолози во државата.

За потсетување, со измените на Законот за здравствена заштита, кои се применуваат од 27.11.2012 година, при доделување лиценца на здравствените установи во кои работат избраните лекари, не се спроведува постапка за доделување на лиценца, односно Министерството за здравство врз основа на барање за доделување на лиценца склучува договор за лиценца, доколку во мрежата на здравствени установи не е исполнет максималниот број на тимови за соодветната здравствена дејност и територија.

Како што споменав, очекувам дека ова ќе биде значајна придобивка и значајно олеснување за матичните доктори од стоматолошката дејност.

Ги поканувам директорите на Фондот да ја образложат оваа мерка подетално.